# Правилник за организирање на натпревари по англиски јазик за основно образование

Врз основа на член 19 од статутот на ЕЛТАМ и правилникот за организирање натпревари на МОН, ИО на ЕЛТАМ на седницата одржана на 13.03.2014 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Асоцијацијата на наставници по англиски јазик на РМ (во натамошниот текст ЕЛТАМ) организира натпревари по англиски јазик за учениците од државните основни (централни и подрачни) училишта во Република Македонија.

### Член 2

Натпреварите имаат за цел:

- да иницираат поголем интерес за англискиот јазик кај учениците;
- да ги поттикнат учениците кон проширување и продлабочување на знањеата на англискиот јазик;
- да ги вреднуваат и рангираат стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- да го развијат натпреварувачкиот дух;
- да ги откријат надарените ученици по англиски јазик;
- да ја поттикнат соработката помеѓу учениците и менторите, како и меѓусебна размена на информации.

### Член 3

Натпреварите по англиски јазик се:

- училишни,
- општински,
- регионални и
- државни.

Училишните натпревари ги организира активот на англиски јазик во училиштата. Општинските и регионалните натпревари ги реализираат локалните координатори на ЕЛТАМ. Државните натпревари ги организира Комисијата за натпревари назначена од ИО на ЕЛТАМ. Во организацијата и реализацијата на сите натпревари (училишни, оштински, регионални, државни) учествуваат исклучиво наставници по англиски јазик.

### Член 4

На натпреварите можат да учествуваат редовните ученици од државните основни училишта.

## II. НАТПРЕВАРИ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Член 5**

Натпреварите за основното образование се поединечни, т.е. секој учесник настапува на натпреварите индивидуално. Натпреварите се одвиваат на англиски јазик.

**Член 6**

Натпреварите се организираат за учениците од V[1] (петто) одделение, VIII/8[2] (осмо осумгодишно) и IX/9[3] (деветто одделение од деветгодишно) одделение. Учениците не смеат да имаат престојувано во земјата каде се говори на англиски јазик повеќе од 1 (еден) месец во последните 5 (пет) години.

**Член 7**

Училишниот натпревар го организира активот на англиски јазик во училиштата со задачи по сопствен избор. На наставниците ќе им бидат достапни задачи од натпревари од претходни години кои ќе бидат објавени на веб страната на ЕЛТАМ и кои ќе можат да им послужат на наставниците во составувањето на нивните задачи за Училишниот натпревар. Врз основа на резултатите од овој натпревар училиштето ги пријавува учениците-учесници на Општинскиот натпревар.

**Член 8**

Секое училиште има право да испрати 2 (два) кандидати на Општински натпревар кои освоиле најголем број на поени на Училишниот натпревар. Доколку училиштето има паралелки кои следат настава на други наставни јазици, на Општинскиот натпревар може да испрати по 1 (еден) ученик од секој наставен јазик.

**Член 9**

За учество на Општинскиот натпревар се наплаќа котизација за учество за секој ученик. Уплатницата и пријавата за учество на Општинскиот натпревар се доставува до локалниот регионален координатор на ЕЛТАМ до истекот на рокот наведен во поканата за натпревар.

**Член 10**

Општинските и регионалните натпревари се организираат во 11 (единаесет) центри и тоа:

1. Град Скопје (сите општини)
2. Куманово (сите општини од тој регион)
3. Штип (сите општини од тој регион)
4. Велес (сите општини од тој регион)
5. Кочани (сите општини од тој регион)
6. Струмица (сите општини од тој регион)
7. Кавадарци (сите општини од тој регион)

[1] Почнувајќи од учебната 2014-2015 година
[2] Само во учебната 2013-2014 година
[3] Почнувајќи од учебната 2014-2015 година

8. Битола (сите општини од тој регион)
9. Прилеп (сите општини од тој регион)
10. Струга (сите општини од тој регион)
11. Гостивар (сите општини од тој регион)

**Член 11**

Општинските и регионалните натпревари ги организираат и спроведуваат локалните координатори на ЕЛТАМ. Локалниот координатор не е должен да присуствува на Државниот натпревар. Доколку има потреба од тоа (менторите не се во можност да патуваат со учениците), ЕЛТАМ не ги плаќа трошоците на локалниот координатор ако дојде на Државен натпревар.

**Член 12**

По спроведувањето на Општинскиот натпревар следува Регионалниот натпревар. Комисијата за вреднување и рангирање на учениците прави ранг-листа на учениците според освоените бодови за секоја општина На Регионалниот натпревар одат првите 3 места (I, II, III место) со најголем број освоени поени на Општинскиот натпревар, но не помалку од 70 (седумдесет) бодови.

**Член 13**

Државниот натпревар го организира и спроведува Комисијата за натпревари за основно образование на ЕЛТАМ. Државниот натпревар се организира во училиштето-домаќин кое освоило I (прво) место на Регионалниот натпревар за основно образование во Скопје, или друга локација која што ќе утврди ИО на ЕЛТАМ.

**Член 14**

На Државниот натпревар учествуваат учениците кои освоиле I, II и III место на Регионалните натпревари од секој регион, освен Скопје. Од Регионалниот натпревар кој се организира во Скопје, на Државниот натпревар право на учество имаат учениците кои освоиле I, II, III, IV и V место на Регионалниот натпревар.

**Член 15**

Трошоците за учество на Државниот натпревар ги сноси училиштето од кое доаѓаат учениците-учесници.

**Член 16**

Задачите за Општинскиот, Регионалните и Државниот натпревар ги изготвува Комисијата за задачи за основно образование на ЕЛТАМ, а содржината на натпреварите е соодветна за возраста на учениците, а се темели на наставните планови и програми за основно образование за предметот англиски јазик .

**Член 17**

Општинските, Регионалните натпревари и Државниот натпревар се реализираат според однапред усвоен календар од ИО на ЕЛТАМ кој е објавен на веб страната на ЕЛТАМ.

# III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ

## А) Општински натпревари

**Член 18**

Општинските натпревари се одржуваат во ист ден, во исто време во сите центри на ЕЛТАМ. Тестот за натпреварот се состои од 1 (еден) дел: *Use of English* кој трае 40 (четириесет) минути.

**Член 19**

Организаторот на Општинскиот натпревар (локалниот кооридинатор на ЕЛТАМ) формира:

- Одбор за организација и спроведување на натпреварот;
- Комисија за прегледување на тестовите;
- Комисија за вреднување на резултатите и рангирање на учениците;
- Комисија за одлучување по приговори.

**Член 20**

Одборот за организација и спроведување на натпреварот ги известува сите училишта во неговиот регион најмалку 20 (дваесет) дена пред денот на одржување на натреварот за училиштето-домаќин на Општинскиот натпревар, датумот и часот на отпочнување. Одборот за организирање на Општинскиот натпревар:

- ги прифаќа учениците-натпреварувачи и нивните ментори;
- обезбедува простор за организација на натпреварот и престој на менторите;
- обезбедува тестатори за спроведување на натпреварот;
- ги запознава учениците и менторите со Правилата за спроведување на натпреварот пред почетокот на натреварот (**Прилог 1**);
- обезбедува освежување на учесниците, доколку се обезбеди спонзорство;
- обезбедува доволен број на тестови и други потребни материјали;
- обезбедува целосна тајност на податоците на учениците.

**Член 21**

Комисијата за прегледување на тестовите е составена од наставници од училиштата и делегати на ЕЛТАМ. Секое училиште кое учествува на натреварот е должно да делегира еден наставник од училиштето кој ќе биде член на Комисијата за прегледување на тестовите, а кој не предава во одделението за кое се спроведува натпреварот. За оваа цел на наставникот – член на оваа Комисија ЕЛТАМ му издава **Благодарница за учество во организацијата на општински натпревар**. Комисијата за прегледување на задачите донесува одлуки со мнозинство на гласови од нејзиниот состав, а во случај на спорно гласање се прифаќа одлуката на делегатите на ЕЛТАМ.

**Член 22**

Комисијата за вреднување на резултатите и рангирање на учениците е составена од претседател и 2 (два) члена. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Должности на комисијата се:

- ги сумира освоените бодови на учесниците;
- ја изготвува ранг-листата на учениците;
- ја објавува конечната ранг-листа на ученици на огласната табла во училиштето истиот ден, по разгледувањето и одлучувањето на приговорите од страна на Комисијата за приговори;
- одлучува за дипломите, наградите и пофалниците на учесниците на натпреварот;
- изготвува и доставува Извештај до ИО на ЕЛТАМ 10 дена по завршувањето на натпреварот.

**Член 23**

Комисијата за одлучување по приговори е составена од претседател и 2 (два) члена. Еден од членовите на комисијата е претставник од Бирото за развој на образованието. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Незадоволниот учесник на натпреварот (неговиот ментор), најдоцна во рок од 90 (деведесет) минути по објавувањето на прелиминарните резултати може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори. Должности на Комисијата се истиот ден:

- да ги разгледа поднесените приговори;
- да донесе одлука со мнозинство гласови;
- да ги извести подносителите за конечната одлука;
- да ја соопшти одлуката до Комисијата за вреднување на резултатите и рангирањето на учениците со цел да се изготви конечната ранг-листа на ученици.

## Б) Регионални натпревари

**Член 24**

Тестот за натпреварот се состои од 2 (два) дела: *Reading comprehension* кој трае 30 (триесет) минути и *Use of English* кој трае 60 (шеесет) минути.

**Член 25**

Комисијата за државни натпревари назначена од ИО на ЕЛТАМ формира:

- Одбор за организација и спроведување на натпреварот;
- Комисија за прегледување на тестовите;
- Комисија за вреднување на резултатите и рангирање на учениците;
- Комисија за одлучување по приговори.

**Член 26**

Одборот за организација и спроведување на натпреварот ги известува сите локални регионални координатори најмалку 20 дена пред денот на одржување на натревароt за

училиштето-домаќин на Регионалниот натпревар. Одборот за организирање на Регионалниот натпревар:

- ги прифаќа учениците-натпреварувачи и нивните ментори;
- обезбедува простор за организација на натпреварот и престој на менторите;
- обезбедува тестатори за спроведување на натпреварот;
- ги запознава учениците и менторите со Правилата за спроведување на натпреварот пред почетокот на натреварот (**Прилог 2**);
- обезбедува освежување на учесниците, доколку се обезбеди спонзорство;
- обезбедува доволен број на тестови и други потребни материјали;
- обезбедува целосна тајност на податоците на учениците.

**Член 27**

Комисијата за прегледување на тестовите е составена од наставници од училиштата и делегати на ЕЛТАМ. Секое училиште кое учествува на натреварот е должно да делегира еден наставник од училиштето кој ќе биде член на Комисијата за прегледување на тестовите, а кој не предава во одделението за кое се спроведува натпреварот. За оваа цел на наставникот – член на оваа Комисија ЕЛТАМ му издава **Благодарница за учество во организацијата на регионален натпревар**. Комисијата за прегледување на задачите донесува одлуки со мнозинство на гласови од нејзиниот состав, а во случај на спорно гласање се прифаќа одлуката на делегатите на ЕЛТАМ.

**Член 28**

Комисијата за вреднување на резултатите и рангирање на учениците е составена од претседател и 2 (два) члена. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Должности на комисијата се:

- ги сумира освоените бодови на учесниците;
- ја изготвува ранг-листата на учениците;
- ја објавува конечната ранг-листа на ученици на огласната табла во училиштето истиот ден, по разгледувањето и одлучувањето на приговорите од страна на Комисијата за приговори;
- одлучува за дипломите, наградите и пофалниците на учесниците на натпреварот;
- изготвува и доставува Извештај до ИО на ЕЛТАМ 10 дена по завршувањето на натпреварот.

**Член 29**

Комисијата за одлучување по приговори е составена од претседател и 2 (два) члена. Еден од членовите на комисијата е претставник од Бирото за развој на образованието. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Незадоволниот учесник на натпреварот (неговиот ментор), најдоцна во рок од 90 (деведесет) минути по објавувањето на прелиминарните резултати може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори. Должности на Комисијата се истиот ден:

- да ги разгледа поднесените приговори;

- да донесе одлука со мнозинство гласови;
- да ги извести подносителите за конечната одлука;
- да ја соопшти одлуката до Комисијата за вреднување на резултатите и рангирањето на учениците со цел да се изготви конечната ранг-листа на ученици.

## В) Државни натпревари

**Член 30**

Тестот за натпреварот се состои од 2 (два) дела: *Reading comprehension* кој трае 30 (триесет) минути и *Use of English* кој трае 60 (шеесет) минути.

**Член 31**

Комисијата за државни натпревари назначена од ИО на ЕЛТАМ формира:

- Одбор за организација и спроведување на натпреварот;
- Комисија за прегледување на тестовите;
- Комисија за вреднување на резултатите и рангирање на учениците;
- Комисија за одлучување по приговори.

**Член 32**

Одборот за организација и спроведување на натпреварот ги известува сите локални регионални координатори најмалку 20 дена пред денот на одржување на натреварот за училиштето-домаќин на Државниот натпревар. Одборот за организирање на Државниот натпревар:

- ги прифаќа учениците-натпреварувачи и нивните ментори;
- обезбедува простор за организација на натпреварот и престој на менторите;
- обезбедува тестатори за спроведување на натпреварот;
- ги запознава учениците и менторите со Правилата за спроведување на натпреварот пред почетокот на натреварот (**Прилог 2**);
- обезбедува освежување на учесниците, доколку се обезбеди спонзорство;
- обезбедува доволен број на тестови и други потребни материјали;
- обезбедува целосна тајност на податоците на учениците.

**Член 33**

Комисијата за прегледување на тестовите е составена од наставници од училиштата и делегати на ЕЛТАМ. Секое училиште кое учествува на натреварот е должно да делегира еден наставник од училиштето кој ќе биде член на Комисијата за прегледување на тестовите, а кој не предава во одделението за кое се спроведува натпреварот. За оваа цел на наставникот – член на оваа Комисија ЕЛТАМ му издава **Благодарница за учество во организацијата на државен натпревар**. Комисијата за прегледување на задачите донесува одлуки со мнозинство на гласови од нејзиниот состав, а во случај на спорно гласање се прифаќа одлуката на делегатите на ЕЛТАМ.

**Член 34**

Комисијата за вреднување на резултатите и рангирање на учениците е составена од претседател и 2 (два) члена. Еден од членовите на комисијата е претставник од Бирото за развој на образованието. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Должности на комисијата се:

- ги сумира освоените бодови на учесниците;
- ја изготвува ранг-листата на учениците;
- ја објавува конечната ранг-листа на ученици на огласната табла во училиштето истиот ден, по разгледувањето и одлучувањето на приговорите од страна на Комисијата за приговори;
- одлучува за дипломите, наградите и пофалниците на учесниците на натпреварот;
- изготвува и доставува Извештај до ИО на ЕЛТАМ 10 дена по завршувањето на натпреварот.

**Член 35**

Комисијата за одлучување по приговори е составена од претседател и 2 (два) члена. Еден од членовите на комисијата е претставник од Бирото за развој на образованието. Претседателот на комисијата е делегат на ЕЛТАМ. Незадоволниот учесник на натпреварот (неговиот ментор), најдоцна во рок од 90 (деведесет) минути по објавувањето на прелиминарните резултати може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори.Должности на Комисијата се истиот ден:

- да ги разгледа поднесените приговори;
- да донесе одлука со мнозинство гласови;
- да ги извести подносителите за конечната одлука;
- да ја соопшти одлуката до Комисијата за вреднување на резултатите и рангирањето на учениците со цел да се изготви конечната ранг-листа на ученици.

## IV. РАНГИРАЊЕ, НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**Член 36**

Вкупниот број на бодови што може да ги освои еден натпреварувач на Општинскиот, Регионалниот или Државниот натпревар се 100 (сто) бодови. Освоените места на овие натпревари се одредуваат според следниот критериум:

- **I место** одвојува натпреварувачот кој имал најмногу бодови и се наоѓа на првото место на конечната ранг-листа;
- **II место** освојува натпреварувачот кој се наоѓа на второто место на конечната ранг-листа според бројот на освоените бодови;
- **III место** освојува натпреварувачот кој се наоѓа на трето место на конечната ранг-листа според бројот на освоените бодови.

Доколку повеќе натпреварувачи освојат ист број на бодови, сите натпреварувачи делат исто место и имаат еднаков ранг.

На Регионалниот натпревар одат првите 3 места (I, II, III место) со најголем број освоени поени на Општинскиот натпревар, но не помалку од 70 (седумдесет) бодови.

**Член 37**

На Општинскиот натпревар наградените ученици (оние кои освоиле I, II и III место) добиваат соодветна **Диплома**. Наставниците-ментори на учениците кои освоиле I, II и III место на општинскиот натпревар добиваат соодветна **Пофалница**. Останатите ученици и ментори добиваат **Потврда за учество** на општински натпревар. Дипломите се доделуваат на пригодна свеченост која се организира во рамките на натпреварот.

**Член 38**

На Регионалниот натпревар наградените ученици (оние кои освоиле I, II и III место) добиваат соодветна **Диплома**. Наставниците-ментори на учениците кои освоиле I, II и III место на регионалниот натпревар добиваат соодветна **Пофалница**. Останатите ученици и ментори добиваат **Потврда за учество** на регонален натпревар. Дипломите се доделуваат на пригодна свеченост која се организира во рамките на натпреварот.

**Член 39**

На Државниот натпревар наградените ученици (оние кои освоиле I, II и III место) добиваат соодветна **Диплома**. Наставниците-ментори на учениците кои освоиле I, II и III место на Државниот натпревар добиваат соодвтена **Пофалница**. Останатите ученици и ментори добиваат **Потврда за учество** на државен натпревар. Дипломите и пофалниците се доделуваат на пригодна свеченост која се организира во рамките на натпреварот. ЕЛТАМ може да им додели на наградените ученици и други видови награди доколу истите се обезбедат од страна на донатори или спонзори.

**Член 40**

Резултатите од сите натпревари се јавни. Јавноста се обезбедува со:

- истиот ден по завршување на натреварите (Општински, Регионални или Државни) резултатите се објавуваат на огласната табла во училиштето каде што се одржува натреварот;
- ЕЛТАМ, исто така, по завршувањето на натпреварите, во рок од 15 дена, до училиштата доставува извештај од сите нивоа, а за Државните натпревари и до Комисијата за акредитација на здруженија на наставници, МОН и БРО;
- резултатите од Државниот натпревар се објавуваат и на веб страната на ЕЛТАМ, МОН и БРО.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

ИО на ЕЛТАМ го задржува правото за сите спорни ситуации кои можат да настанат при спроведувањето на критериумите од овој Правилник да одлучува и интервенира со посебни одлуки.

**Член 42**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат по иста постапка како при неговото донесување.

**Член 43**

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото донесување.

**Датум на изработка на правилникот:**
февруари 2014

**Работна група:**

Елизабета Христовска Ичева
Љубица Ружинска
Александра Поповски-Голубовиќ
Мирослава Павлова-Аневска
Гордиана Ѓоргова
Јованка Јованчевска
Валентина Кикеркова
Билјана Ингилизова- Атанасовска

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА РМ (ЕЛТАМ)**

_____________________________

**Елизабета Христовка Ичева**

# ПРИЛОГ 1

## Правила за спроведување на тестирањата на општинските натпревари по англиски јазик

1. Тестот на натпреварите по англиски јазик се состои од еден дела: *Use of English* кој трае 40 минути.
2. Учениците на натпреварот се распоредуваат во училници и тоа во една клупа може да седи само еден ученик.
3. Учениците на натпреварот ќе добијат контролно ливче на кое ќе им биде однапред дадена шифра, а тие треба на тоа ливче да го впишат своето име и презиме, името на училиштето, името на општината и име и презиме на наставникот ментор. Учениците треба да ја запомнат дадената шифра и истата да ја запишат на тестот (*Use of English*). Употреба на име и презиме или своја шифра за потпишување на тестот е строго забрането. Одговорниот наставник ги собира пополнетите контролни ливчиња и ги става во плик кој останува затворен се до завршетокот на натпреварот и правењето на ранг-листата.
4. Тестот се пополнува исклучиво со пенкало. Употреба на молив и гума не се дозволува. Се што е прешкртано или преправано нема да се признае.
5. Пликот со тестовите се отвара во просторијата во која се извршува натпреварот во време кога започнува натпреварот. Истото не смее да се отвори порано.
6. Учениците не смеат да стапат во контакт со својот ментор. Исто така строго е забрането учениците да стапат во контакт со комисијата која ги прегледува тестовите и да ја кажат своојата шифра.
7. На тестирањето, учениците не смеат да носат, а уште помалку да употребуваат мобилни телефони. Истите треба да ги оставаат кај своите ментори, а за времето ќе бидат известувани од наставниците тестатори кои ќе го надгледуваат тестирањето. Доколку има ученици кои ќе се обидат да препишуваат на било кој начин, истите ќе бидат дисквалификувани.

# ПРИЛОГ 2

## Правила за спроведување на тестирањата на регионалните и државните натпревари по англиски јазик

1. Тестот на натпреварите по англиски јазик се состои од два дела: *Reading comprehension* кој трае 30 минути и *Use of English* кој трае 60 минути.
2. Учениците на натпреварот се распоредуваат во училници и тоа во една клупа може да седи само еден ученик.
3. Учениците на натпреварот ќе добијат контролно ливче на кое ќе им биде однапред дадена шифра, а тие треба на тоа ливче да го впишат своето име и презиме, името на училиштето и име и презиме на наставникот ментор. Учениците треба да ја запомнат дадената шифра и истата да ја запишат на двата дела од тестот (*Reading comprehension* и *Use of English*). Употреба на име и презиме или своја шифра за потпишување на тестот е строго забрането. Одговорниот наставник ги собира пополнетите контролни ливчиња и ги става во плик кој останува затворен се до завршетокот на натпреварот и правењето на ранг-листата.
4. Тестот се пополнува исклучиво со пенкало. Употреба на молив и гума не се дозволува. Се што е прешкртано или преправано нема да се признае.
5. Пликот со тестовите се отвара во просторијата во која се извршува натпреварот во време кога започнува натпреварот. Истото не смее да се отвори порано.
6. Помеѓу двата дела може да се направи 15-минутна пауза, но за време на паузата учениците не смеат да стапат во контакт со својот ментор. Исто така строго е забрането учениците да стапат во контакт со комисијата која ги прегледува тестовите и да ја кажат своојата шифра.
7. На тестирањето, учениците не смеат да носат, а уште помалку да употребуваат мобилни телефони. Истите треба да ги оставаат кај своите ментори, а за времето ќе бидат известувани од наставниците тестатори кои ќе го надгледуваат тестирањето. Доколку има ученици кои ќе се обидат да препишуваат на било кој начин, истите ќе бидат дисквалификувани.